Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневни настани 18.07.2023

На 17.07.2023 во 21.00 часот во с.Студеничани, скопско, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје и од Одделението за криминалистички работи Гази Баба го лишиле од слобода А.К.(46) од с.Студеничани. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 18.07.2023 околу 03.10 часот во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово лишиле од слобода двајца малолетници, кои претходно биле пријавени дека извршиле кражба во патничко моторно возило „Бма" со тетовски регистарски ознаки, а кое било паркирано на улица „Христо Антовски" во Тетово. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот Ф.Б.(32) од Тетово. По целосно документирање на случајот против малолетниците ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.07.2023 во 22.45 часот на кеј „13 Ноември" во Скопје, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Центар и Бит Пазар- тие потраги го лишиле од слобода Р.Р.(25) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 17.07.2023 во 12.20 часот во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Б.С.(40) и 37-годишната З.С., двајцата од Неготино, гостиварско, кои претходно биле пријавени да 35-годишна жителка на гостиварска Топлица дека извршиле кражба во нејзината куќа, во која биле ангажирани за чистење и средување на внатрешните простории. Кај них било пронајдено одземеното и било вратено на сопственикот. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.07.2023 околу 23.00 часот на бул.„Македонско - косовска бригада" во Скопје, полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка – Отсек потраги, во координација со полициски службеници од Полициското одделение Шуто Оризари го привеле Ќ.Д.(36) од Скопје. Тој бил баран по распишана централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од една година. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 17.07.2023 околу 16.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 34-годишниот тетовец З.Д.. Тој бил баран по потерница за издржување затворска казна и бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 17.07.2023 во 14.30 часот на Граничниот премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода К.Ф.(34) од Република Србија, затоа што при пасошка контрола било констатирано дека за него имало распишана меѓународна потерница по барање на Интерпол Белгија. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 17.07.2023 во 11.00 часот на Граничниот премин Меѓународен аеродром Скопје, полициски службеници го привеле Д.К.(25) од Косово, затоа што при пасошка контрола и проверка во оперативна евиденција било констатирано дека дозволата за престој во Република Грција била фалсификувана. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (17.07.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираат се 223 возачи. Од них 12 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 94 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 129 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (17.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 109 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 20 санкции, четири мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за прекршоци кои ги прават возачите на мотоцикл, две санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се четири мерки за користење на мобилен телефон при возење, две санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло...

На 17.07.2023 на подрачјето на СВР Штип беше спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 16 прекршоци, од кои 9 надвор од населено место и 7 во населено место. Санкционирани биле и 29 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 2 за возач почетник, 1 за непропишо престигување, 6 за некорректне сигурносен појас, 6 за некорректне заштитна кацита и 5 за непропишо паркирање.

На 17.07.2023 во 13.15 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на регионалниот пат Битола-Кичево, кај с.Кладник, Г.С.(58) од Кичево, управувајќи патничко возило „лада самара" со охридски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал надвор од коловозот. На местото на несреќата возачот починал, а смрт констатирал лекар од Медицински центар Кичево. Извршен бил увид да увидна екипа од Полициската станица Кичево.

На 17.07.2023 во 13.00 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека на регионалниот пат Гостивар - с.Мегаре, патничко возило „волксваген пасат" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Ц.Б.(34) од с.Мегаре, удрило во електричен тротоар управувани од малолетник од истото село. Во несреќата малолетникот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата „Ѓерид Мурад" во Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 17.07.2023 во 12.20 часот во Полициската станица Дебар било пријавено дека на ул. „Бетон" во Дебар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „голф" со дебарски регистарски ознаки, управувано од Б.А.(63) од Дебар и мопед со стружни регистарски ознаки, управуван од А.К.(27) од Дебар. Во несреќата возачот на мопедот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Дебар. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Дебар.

На 17.07.2023 во 16.35 часот во СВР Куманово било пријавено дека на магистралниот пат Куманово - Крива Паланка, на крстосница која го поврзува со ул.„Св.Јоаким Осоговски" се случила сообраќајна несреќа помеѓу мопед со кривопаланечки регистарски ознаки, управуван од Д.С.(18) од Крива Паланка и автобус со бугарски национални ознаки, управуван од Н.А.К.(62) од Софија, Р. Бугарија. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот констатирани во Здравствен дом Крива Паланка. Извршен е увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 17.07.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Центар, Д.Д.(63) од Скопје пријавила дека на ул.„Филип Втори Македонски" нејзината керка била касната од куче скитник.

На 17.07.2023 во 11.00 часот во Полициската станица Гази Баба, В.Ј.(65) од с.Црешево, скопск, пријавила дека во селото била касната од куче скитник.

На 17.07.2023 полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за недозволена трговија со дрога, Единица за недозволена трговија со дрога, во координација со СВР Струмица - ОВР Валандово на Валандовско бердо било запрено е патничко возило „ауди" со валандовски регистарски ознаки, управувано од З.А.(27) од с.Дедели, валандовско, и при прегледа во возилото пронајдени е торба во која имало седум пакувања и две кеси со марихуана во количина од два килограми. При обид да побегне, З.А. бил лишен од слобода и за случајот е известен јавен обвинител. Малку подоцна, по добиена наредба од судија на претходна постапка од Основен суд Гевгелија, при извршен претрес во неговиот дом биле пронајдени куршуми и друга муниција. Во текот на денешниот ден, пак, лишен од слобода бил и Б.О.(22) од Гевгелија со место на живеење во с.Дедели, за кој да истрата било утврдено дека бил инволвиран во недозволена трговија со наркотична дрога. По документирање на случајите од страна на ОВР Валандово до надлежното ОЈО Гевгелија ќе биде поднесена кривична пријава за извршено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик.

На 17.07.2023 во 16.40 часот во с.Мислиево, струшко, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга го лишиле од слобода Ц.К.(23) од Струга. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и предмет со остатоци од марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривични пријави против И.И.(45) и против Д.Ш.(33), и двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" по член 378 од Кривичниот законик. Имено, И.И. набавил фалсификувана македонска возачка дозвола за управување со моторни возила од категоријата „А", „Б", „Ф", „Г" и „М", додека Д.Ш. набавил фалсификувана македонска возачка дозвола за управување со моторни возила од категоријата „Б", „Ф", „Г" и „М" и ја употребле при управување возила во Кралството Белгија. Поради сторени сообраќајни прекршоци во Белгија, на двете лица им биле одземени дозволите и доставени до надлежните служби во државата, по што биле утврдено дека се фалсификувани.

На 17.07.2023 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово била спроведена акциска контрола на возила и возачи, при што посебно се контролираше вградените неатестирани фолии и светлосни и звучни знаци. При контролата откриено и санкционирано биле едно возило (ГВ) со неисправни сопирачки и (ТЕ-2 и ГВ-1) со истечена сообраќајна дозвола. На возачите им биле изготовени подносници и видраа биле исклучени од сообраќај. Санкционирани, исто така, биле и 10 возачи (ТЕ-9 и ГВ-1), од кои 2 (ТЕ) без возачка дозвола, 7 (ТЕ) со другу недостатоци и 1 (ГВ) со вградени неатестирани фолии.

На 17.07.2023 во 16.40 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на ул.„11 Септември" во Кичево, Н.С.(42) од Кичево, управувајќи мотоцикл без регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во несреќата Н.С. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Кичево. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кичево.

На 17.07.2023 vo 15.10 часот на регионалниот пат Ново Дојран - Валандово, на место викано „Фурска чешма", пред крстосницата за с.Дедели, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор и граничен премин Стар Дојран забележале патничко возило „форд мондео" во кое се превезуваше мигранти. Откако ги забележа полициските службеници, возачот се обидел да избега, но набрзо со возилото излетал од патот и го напуштил месото. Во несреќата, со тешки телесни повреди се здобило едно лице мигрант, додека со телесни се здобиле шест лица мигранти, сите од Сирија, од кои троја малолетници, констатирани во Здравствен дом Гевгелија. Увид на местото извршила екипа од ОВР Валандово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.07.2023 во СВР Битола, С.П.(69) од Битола пријавил дека на место викано „Јени Џамија" во Битола бил каснат од куче скитник.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против А.З.(22) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 12.07.2023, при обиколка на терен во Гевгелија, во населба Кароорман, полициски службеници го забележале пријавениот како со неговото патничко возило „рено лагуна" презема 10 лица мигранти од Сирија и Египет, од кои четири малолетници. Притоа, тој не застанал на даден знак за запирање и го напуштил месото.

На 17.07.2023 во 12.30 часот во Полициската станица Берово било пријавено дека во Клиничка болница Штип со тешка телесна повреда бил донесен А.Д.(44) од с.Ќирник, пехчевско. Според пријавеното, тој се здобил со повредите околу 11.00 часот, при извршување работни задачи во фабрика во Пехчево. Увид на местото извршила увидна екипа на ОВР Берово, а известен бил и државен инспектор за труд.

На 17.07.2023 во 22.50 часот во СВР Куманово, М.Б.(22) од Куманово пријавил дека на улица „Перо Чичо" во Куманово бил каснат од куче скитник.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Л.Е.(56) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавениот, во својство на управител на правно лице од Гостивар, во текот на април 2023 година на ул. „Светозар Лепоски" во Гостивар, изведувал надградба на објект без изготвено одобрение за градење. Со вакво дејствие пријавениот се стекнал со противправна имотна корист и го оштетил Буџетот на Република Северна Македонија.

На 17.07.2023 во 19.15 часот во ВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Чаир, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичкиот пресметка помеѓу Б.З.(29) и А.З.(31), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 17.07.2023 во 21.00 часот во Скопје, Б.И.(31) од с.Сингелиќ, скопско, пријавил дека во селото бил физички нападнат од К.И.(61), С.И.(38) и Х.И.(28). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

ОВР Гевгелија поднесе кривични пријави против А.У.(53) и против А.П.(47), двете лица од Гевгелија, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластувања". А.У., во својство на одговорно лице во приватна фирма од с.Стојаково – Богданци, во тој наврати извршил пречекорување на своите законски овластувања, додека А.П. во својство на одговорно лице во приватна фирма од Гевгелија во шест наврати извршила пречекорување на своите законски овластувања. Имено, за време на забрана за движење на населението кажо мерка за спречување на ширењето на Ковид - 19, А.П. на три лица од с.Богородица, а А.У. на шест лица од Гевгелија им издаде дозволи за движење за вршење на сменска и ноќна работа и покрај тоа што тие не биле вработени во фирмата.

На 17.07.2023 во 11.20 часот во Полициската станица Кичево, А.Д.(53) од с.Вир, општина Македонски Брод, со престој во Кичево, пријавила дека на ул.„Методија Стефановски" била касната од куче скитник.

На 17.07.2023 во 01.14 часот во СВР Скопје, 47 - годишна жена од Скопје пријавила дека околу 00.00 часот во домот на подрачјето на Кисела Вода била физички нападнатата од нејзиниот син А.Н.(23). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.А.(53) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување на службено лице во вршење на службено дејствие". На 05.06.2023, пријавениот агресивно се однесувал кон двајца инспектори од УЗП, кои вршеле контрола во неговиот продажен објект, по што им го одзел и скинал службените материјали.

Денеска (18.07.2023) во 03.22 часот во СВР Скопје, 39 - годишна жена од Скопје пријавила дека околу 00.00 часот во домот била физички нападната од нејзиниот сопруг Е.Б.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.Н.(27) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 10.11.2022 во угостителски објект во Тетово, полициски службеници извршиле претрес над пријавениот, при што пронашле и одземле марихуана.

Денеска (18.07.2023) во 04.40 часот во СВР Скопје, Р.К.(34) од Скопје пријавил дека околу 02.00 часот на подрачјето на Гази Баба неговите малолетни син и внук биле физички нападнати од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.07.2023 во СВР Битола, В.И.(56) од Битола пријавила дека во кругот на старата касарна во Битола била касната од куче скитник.

На 17.07.2023 во 15.00 часот во СВР Скопје, Е.Ц.А.(89) од САД пријавила дека била измамена од две лица. Според пријавеното, околу 12.00 часот на Меѓуградската автобуска станица тие влегла во таксі возило, во кое имало уште едно лице кое зборувало англиски јазик, а кога пристигнале на подрачјето на Карпош, й кажале дека треба да плати 13 евра. Како што е пријавено, таа со помош на таксистот од банкомат подигнала 10.000 денари, а другото лице й ги побарало сите пари, со објаснување дека тоа е счмата при конверзија од една валута во друга. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против 17-годишник од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 02.07.2023, пријавениот физичко нападнал друг малолетник од Кочани и му нанел повреди.

Сајт е заштитен со ЕКСТЕНЗИВНА ЕКСТРАПОЛАЦИЈА
Сајтот е изработен во МВР и е казна по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет